ПРИЛОГ 7 – СОДРЖИНА НА ТЕХНИЧКО РЕШЕНИЕ

**1.** Техничкото решение содржи:

**а)** опис на техничкото решение за предметното барање;
**б)** состојба на слободен простор во кабелската канализација на предметната траса, а доколку е потребно и бројот и типот на цревата помеѓу шахтите на предметната траса
**в)** локација на сите кабелски шахти каде ќе поминуваат каблите на операторот-корисник;
**г)** попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на каблите за потребите на Операторот - корисник;
**д)** попис на потребниот материјал и потребните работи по вид и количина за инсталација на цревата и останати работи како поправање и проширување на кабелска канализација за потребите на операторот – корисник.

**2.** Техничкото решение треба да биде изработено во согласност со постојните важечки правила и прописи за изградба на овој тип на инфраструктура.
Македонски Телеком АД и Операторот – корисник меѓусебно се договараат кој ќе го изработи техничкото решение. Ако Македонски Телеком АД и Операторот – корисник не успеат да се договорат тогаш техничкото решение ќе го изработи Македонски Телеком АД.

**3.** Доколку техничкото решение го изработува Македонски Телеком АД тогаш Македонски Телеком АД го доставува до операторот – корисник техничкото решение изработено во согласност со применото барање доставено од страна на операторот – корисник. Техничкото решение претставува дел од Индивидуалниот договор за пристап до кабелската канализација и придружната инфраструктура.

**4.** Во случај Операторот – корисник да го прифати предложеното техничко решение од страна на Македонски Телеком – АД , во рок од 30 дена од доставувањето на барањето страните пристапуваат кон склучување на договор за пристап до кабелската канализација и придружната инфраструктура.

**5.** Доколку Операторот – корисник не го прифати предложеното техничко решение од страна на Македонски Телеком АД, истиот е должен да ги покрие трошоците за изработка на решението согласно надоместоците опишани во Прилог 5 (Надоместоци).

**6.**Ако е договорено операторот – корисник да биде носител на изработка на техничкото решение, тогаш Македонски Телеком АД е должен да обезбеди пристап до кабелската канализација и придружната инфраструктура (кабелски шахти) и да ја достави до Операторот – корисник целата расположлива техничка документација во рок од 5 дена откако ќе одговори на индивидуалното барање за пристап и користење на кабелската канализација и придружната инфраструктура од Операторот – корисник.